Бранко ПАНОВ

# СТАВОТ НА АВСТРИСКИОТ ДВОР СПРЕМА МАКЕДОНИЈА И МАКЕДОНСКИОТ НАРОД НЕПОСРЕДНО ПО ЛИКВИДИРАЊЕТО НА КАРПОШОВОТО ВОСТАНИЕ

Во 1389 година, кога се одиграла познатата Косовска битка и кога кратко време потоа Србија морала да ја признае врховната власт на Турците-Османлии, а особено по паѓањето на Цариград под турска власт во 1453 година, на Балканот со сета тежина се наложило т.н. "Источно прашање"[1]. По Косовската битка освен Србија и другите соседни држави на Балканот морале да ја признаат врховната власт на турскиот султан. Во таа смисла Евегениј Наумов со право истакнува, дека "по Косовската битка во процесот на османлиската наезда, во историјата на балканските држави и народи со ова освојување започнува нова етапа - етапата кога веќе исклучително бил потребен сојуз на Јужните Словени и другите балкански народи со Кралството Унгарија, Великото Литванско кнежевство, Полска, Влашка, Молдавското кнежевство и со другите држави од Централна и Источна Европа".[2] Сè до отпочнувањето на продолжителната Австро-турска војна (1683-1699) Османлиската империја важела за голема и моќна сила на Балканот. По тешкиот пораз пред Виена (во септември 1683 г.) Турците-Османлии почнале панично да се повлекуваат кон јужните владеења на Балканот, што од своја страна влијаело да се засили ослободителната борба на потчинетите балкански народи.[3]

*

* *

Македонија со својата значајна местоположба на Балканот уште во почетокот на Австро-турската војна станала предмет на интересирање на австриската дипломатија. Напоредно со преземените воени акции австрискиот двор интензивно подготвувал планови како заедно со другите европски сили да го разреши прашањето околу статусот на Македонија по отстранувањето на османлиската власт[4].

1. Сланяский Векъ , 60,15-го (28-го) Январъ .Виена 1903,стр.354-355.

2. Е.П. Наумов,Косовската битка (1389 г.) во историјата на меѓународните односи на Балканот.-Историја, XXII 2, Скопје 1986 стр.52

3.Я.В.Костюшов. Великое перреселение сербов 1690 г.-Во кн.: Демографические проццесса на Балканах в средние века.Калинин 1984,стр.119

4. Ив.Катарџиев, Ајдутското движење и Карпошовото востание во XVII век. Скопје 1985,стр.24 и сл.: А.Матковски, Отпорот во Македонија, 4.Скопје 1983,стр.365 и сл.

Уште пред австриската војска да помине од другата страна на реката Сава (во август 1688) г.) Ѓорѓе Бранковиќ доставил до австрискиот двор мемоар со кој од името на потчинетите балкански народи: Бугарите, Србите, Албанците, Македонците и другите искажал спремност сите тие да се стават на страната на австриската војска против Турците, но под одредени услови.[5] Сето ова, пак, истакнува со нагласеност А.Матковски, било одлучувачко воениот совет на Австрија да даде наредба за форсирање на реката Сава[6]. Австрискиот двор развил особено жива активност меѓу потчинетите балкански народи од Турците во почетокот на 1689 година, кога за Австрија изостанала руската помош поради зафатеноста на Русија во борбата со Татарите.[7]

Со приближувањето на австриските војски кон Македонија, предводени од генералот Енеј Силвие Пиколомини, се зголемувале и надежите на македонскиот народ за отстранување на турското господство. Во лицето на Австријците покрај Србите и Албанците и Македонците почнале да гледаат свои ослободители од турскиот јарем. За засилување на ослободителната борба на македонскиот народ придонел и самиот генерал Пиколомини, кој, испраќајќи свои писма до месните првенци и свештениците, ги повикувал Македонците да се кренат на ослободително востание против заедничкиот непријател. За своите акции преземени за придобивање на месното население на австриска страна, Пиколомини, уште додека се наоѓал во Приштина го известил царот Леополд I, соопштувајќи му притоа дека доколку ќе успее во тоа, а добие уште еден полк војска, би продрел брзо во Херцеговина, Албанија и Македонија, би ги зазел Скопје и би навлегол во Солун.[8]

Расположивите изворни податоци овозможуваат да се утврди дека уште пред да мине австриската војска на генералот Пиколомини на македонската територија, во северните краишта на Македонија дошло до кревање на ослободително востание на македонскиот народ на чело со ајдутскиот водач Карпош. Во врска со тоа во право со учените кои сметаат дека Карпошовото востание започнало по 20 октомври 1689 година, кога под налетот на австриската војска турската војска почнала да се повлекува од Северозападна Македонија.[9]

Походот на генералот Пиколомини кон Скопје индиректно го следел и самиот австриски цар Леополд I. Со него тој одржувал постојана кореспонденција. Така, во писмото што му го испратил Пиколомини од октомври 1689 година, по преминот на Качаничката Клисура, тој му се пожалил дека наишол на поголеми тешкотии и од самиот Ханибал кога ги преминувал Алпите.[10] Натамошните продори кон Македонија

5. А.Матковски, Отпорот во Македонија, 4, стр.390-391.

6. Исто,391

7. Исто,394-395.

8. Исто, 402-4о3.

9. А.Иширковъ, Скопската область останала българска и подъ духовното владичество на сръбската Ипекска патриаршия (1557-1766 год.).- Извѣстия на Историческото дружество въ София, кн.IV.София 1915. стр.58; Д.Бојанић-Лукач, Карпошев покрет и извори за његово изучавање. Скопје 19621 (Докторска дисертација во ракопис),стр.178; А.Матковски,Отпорот во Македонија,4,стр.476 и сл.

10. А.Матковски. Отпорот во Македонија. 4.стр. 407 и сл.

Пиколомини ги координирал со маркгрофот Лудвиг Баденски.[11]

Во научната литература сеуште не е расветлено прашањето околу учеството на Карпошовите востаници во акциите на австриската војска за ослободувањето на Скопје меѓу 25 и 26 октомври 1689 година.[12] Фактот дека во Северна Македонија, на просторот меѓу Куманово, Крива Паланка, Кратово и Скопје се наоѓало средиштето на Карпошовото востание, како и известувањето дека при приближувањето на австриските војски кон Скопје македонското население од околните села со голема радост ги пречекало и ги известило за движењата на турските војски,[13] убедливо говори дека директно или индиректно и Карпошовите востаници учествувале во протерувањето на Турците од Скопје. Со писмо од 31 октомври 1689 година, само неколку дена по заземањето на Скопје, генералот Пиколомини го известил царот Леополд I, дека градот Скопје, кој бил "голем речиси како Прага", но немал ровови и ѕидини, решил да го претвори "во пепел" и напушти. Како причина за тоа го навел извештајот од маркгрофот Лудвиг Баденски за неговото повлекување, како и тоа дека за 4-5 дена се очекувало турската војска да преземе противнапад.[14]

По повлекувањето на австриската војска кон Качаничката Клисура, востаничкото движење во Македонија не згаснало, туку зело уште пошироки размери. Карпошовите востаници ослободиле повеќе градови (Куманово, Крива Паланка, Кратово и др.)[15]. Притоа македонските востаници не ги прекинале врските со Австриската монархија. Од Рашидовата хроника се дознава дека востаничкиот водач Карпош по негово барање бил удостоен од австрискиот цар Леополд I со кралски калпак, откако претходно се прогласил за "крал на Куманово".[16] Според последното сведочење на Хаџи Омер ага, кој бил очевидец на заробувањето на Карпош, кај него биле најдени документи, со кои официјална Австрија потврдила тој да ги управува ослободените македонски краишта. Овие запленети австриски документи, по нивниот превод, послужиле како доказ Карпош да биде осуден на смрт и да се набие на колец.[17] Не е убедливо гледиштето на учениците што се застапувале против учеството на официјална Австрија во прогласувањето на Карпош за "кумановски крал", зашто нивниот главен аргумент е тој што во австриските архиви до денес не е пронајден документ за потврдување на овој акт.[18] Самиот факт што и по запалувањето и

11. Исто, 410

12. Исто ,408.

13. Исто, 408.

14.М.Костић ,Спаљивање Скопља 25 и 27 октобра 1689.-Јужна Србија,I 4 Скопље 1922,стр.125;А.Матковски,Отпорот во Македонија,4,стр.410.

15. Ив.Катарџиев,Ајдутското движење и Карпошовото востание,стр.46 и сл.:А.Матковски,Отпорот во Македонија,4,стр.406 и сл.

16.А.Матковски,К.Аручи,Македонија во Хрониката на Мохамед Рашид-Ефенди.-Гласник на ИНИ, г.XIX/1, Скопје 1975,стр.245; Опстојно за тоа види:А.Матковски, Отпорот во Македонија,4,стр.484 и сл.

17.Исто,4,стр.489-490.

18.Исто,4,стр.490-491.

повлекувањето од Скопје, Австријците продолжиле да дејствуваат на територијата на Македонија, [19] убедливо говори дека австрискиот двор продолжил да ја поддржува ослободителната борба на македонскиот народ против Турците-Османлии. Таква политика австрискиот двор продолжил да води спрема Македонија и македонскиот народ и по убиството на Карпош (крајот на ноември или почетокот на декември 1689 година) и ликвидирањето на востаничкото движење. [20]

*

* *

Во зимата 1689-1690 година турските војски потпомогнати од сојузничката војска на татарскиот хан Хаџи-Селим Гирај ја притесниле австриската војска и почнале да ѝ нанесуваат големи порази, а на крајот ја принудиле да се повлече кон Дунав. Притоа заедно со Австријците се повлекувале и голем број Срби, Македонци и други, што од своја страна влијаело да се извршат големи демографски промени во повеќе балкански области. [21] При повторното воспоставување на турската власт во одделните македонски области, турските органи на власт се однесувале ѕверски кон незаштитениот македонски народ. [22] Затоа големиот број бегалци од Македонија кои нашле засолништа на австриска територија, во лицето на Австрија гледале единствена своја заштитничка и сојузник во борбата против Османлиите.

Во прилог на таквите стремежи на македонскиот народ како и на реализацијата на политиката на австрискиот двор на Балканот, а поконкретно во Македонија, говорат и вестите од зачуваните официјални австриски документи, издадени од австрискиот двор непосредно по ликвидирањето на Карпошовото востание. Во прв ред тоа се однесува на Заштитното писмо на царот Леополд I за македонскиот народ од 26 април 1690 година и Манифестот на царот Леополд I до балканските народи од 6 април 1690 година. Овие два значајни документи, а особено Заштитното писмо на царот Леополд I за македонскиот народ, досега не биле предмет на посестрана анализа, туку само делумно и попатно биле користени. [23]

Заштитното писмо на царот Леополд I за македонскиот народ од 26 април 1690 година е напишано на латински јазик. Текстот во превод на македонски јазик , гласи:

---

19.Ив.Катарџиев, Ајдутското движење и Карпошовото востание,стр.47 и сл.; А.Матковски,Отпорот во Македонија,4,стр.492 и сл.

2о. Поопстојно за задушувањето на Карпошовото востание види:Д.Бојанич-Лукач,Карпошев покрет,стр.180 и сл.; Ив.Катарџиев,Ајдутското движење и Карпошовото востание,стр.53 и сл.;А.Матковски,Отпорот во Македонија,4,стр.502.

21. Я.В.Костишов, Великое перселение Сербов,стр.117 и сл.

22. Исто,стр.120 и сл.;сп.:А.Итирковъ, Скопската областъ...,стр.59;А.Матковски, Отпорот во Македонија,4,стр.547 и сл.

23.Види за тоа:А.Матковски,Отпорот во Македонија,4,стр.531 и сл.

"Виена 1690, 26 април

Леополд, итн.

Со ова известуваме дека двајца Македонци, Марко Краида, роден во Косана (Кожани) и Димитриј Георги Поповиќ, роден во македонски Солун, ни изложија колку македонскиот народ, поради почит кон нашето најправедно дело, а со жар и ревност кон нашата служба, со сериозна намера е склон да премине од преголемиот турски јарем под наша заштита, доколку му биде дадена нашата милост и сигурно покровителство. Поради тоа, согласно со нашата вродена добрина, со која, поттикнати од милоста да им укажуваме заштита на оние што ни се приврзани нам и на светата христијанска религија, милостиво го прифаќаме и го примаме под наша царска и кралска милост во секој начин и вид гореспоменатиот македонски народ, љубезно препорачувајќи им, поединечно и на сите наши волни заповедници, да не го напаѓаат споменатиот македонски народ, ниту да му причинуваат непријатности, туку според силите, секогаш и во секоја околност да го заштитуваат, бранат и да му помагаат за таа цел. Воопшто да му овозможат сигурност и увереност за да запазат повеќе наши царски и кралски милости, права и слободи. Во случај некои припадници од истиот народ да посакаат да војуваат под водството на нашите гореспоменати капетани и под наше знаме, нека се настојува повеќе да се поттикне таквата намера одошто да се спречи. Исто така допуштаме, со претходно знаење и согласност на нашиот тамошен главен командант, да се собираат во одред и одделно да дејствуваат или да се поврзуваат со нашите, за да можат така да имаат сила да се борат против заедничкиот непријател. За таа цел тие ќе се пријавуваат кај споменатиот командант, па според неговите наредби, со божја помош, нека ги чуваат нашите краишта за општо добро. Секој според силите, да не пропушта во секоја околност да соработува.

Дадено во Виена, на 26 април 1690 година.

Претставници: бранители на македонскиот народ кои преминале во краиштата на Царското Величество.

Изложено во Виена на 26 април 1690 година. М.Пауер.

За ветеранија".[24]

При анализата на вестите од овој официјален австриски документ, прво што паѓа во очи е официјалното признание на австрискиот двор постоењето на македонскиот народ, "одделен од другите балкански народи, како и тоа дека двајцатга претставници кои заминале во Виена, себе си се означиле како Македонци и "бранители на македонскиот народ".

Нагласеноста од царот Леополд I дека во целост го зема под австриска заштита "македонскиот народ" исто така оди во прилог на самобитноста на македонскиот народ, кој, инаку, како посебен словенски народ бил формиран во втората половина на X век, кога во рамките на новосоздадената Македонска држава (969-1018) македонските словенски племиња дефинитивно биле претопени во народ.[25] По ликвидирањето на Македонската средновековна држава Македонците продолжиле да ги негуваат и збогатуваат своите народносни одлики (јазикот, обичаите и сл.). На тој начин не допуштиле да бидат асимилирани ниту од Византија, ниту

---

24.Ј.Радонић,Прилози за историју Срба у Угарској у XVI, XVII и XVIII веку,I, Нови Сад 1908,стр.52-53; Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава.I.Из.Универзитетот "Кирил и Методиј" во Скопје.Скопје 1981,стр.158,159,760

25.Б.Панов,За етногенезата на македонскиот народ.-Гласник на Институтот за национална историја,XVI 3. Скопје 1972,стр.77 и сл.

од другите владетели на Македонија. Традициите од Македонската средновековна држава не само што не биле избришани, туку македонскиот народ на повеќе пати во текот на XI век и наредните векови се обидувал преку кревање ослободителни востанија да се ослободи од туѓите господства и формира своја нова држава, повикувајќи се притоа на традициите од Самуиловата македонска држава и на Самуиловата царска лоза. Плод на стремежите на македонскиот народ за самобитност е и создавањето на македонски грбови во XVI и наредните векови.[26)]

Сето тоа го имала во предвид официјална Австрија кога кон крајот на XVII век го признала постоењето на македонски народ и истиот го зела под своја заштита.

Од Заштитното писмо на царот Леополд I се утврува и тоа дека австрискиот двор ги прифаќал сите Македонци кои искажале спремност "да војуваат под водството" на австриските команданти на страната на Австрија против Турците-Османлии. Притоа, Австрија допуштила Македонците да можат да формираат и свои одреди и да се поврзуваат со Австријците во борбата против заедничкиот турски непријател. Условот бил сите тие да војуваат под командата на австриските команданти. Австрискиот двор истовремено се заложил земениот под заштита и покровителство македонски народ да биде лишен од секакви насилства на Австријците.

Со слична содржина е и Манифестот на царот Леополд до балканските народи, издаден на 6 април 1690 година, кој исто така е напишан на латински јазик[27)]. Во него Македонија е издвоена како посебна земја од другите балкански земји (Бугарија, Албанија, Србија и др.). Царот Леополд I во својот Манифест се застапува во прилог на ослободувањето на народите на овие балкански земји од турското господство. Притоа во Манифестот се нагласува дека Австрија се залагала да им се врати слободата на овие народи, поранешните привилегии и права. Во името на сето тоа потчинетите балкански народи се повикуваат да поминат на австриска страна "и да земат оружје против Турците, за својот спас и ослободување и за напредок на христијанската религија".

Официјална Австрија со нејзините залагања и преземените акции за ослобдување на потчинетите балкански народи од Турците-Османлии и нивното ставање под нејзино покровителство, всушност целела кон остварување на своите завојувачки планови на Балканот, чија политика особено дошла до израз во наредните векови. На таквата "итра австриска политика", чија крајна цел била загосподарувањето со Македонија, во 1901 година укажал и големиот познавач на Македонија и македонското прашање Николај Н. Дурново, кој во сесловенското списание

---

26. Б.Панов,Средновековна Македонија,2.Скопје 1985,стр.321.Специјално за македонските грбови види:А.Матковски, Грбовите на Македонија.Скопје 1970.

27.J.Радонић и М.Костић,Српске привилегије од 1690 до 1792.Посебна издања САНУ,књ.CCXXV, Одељење друштвеник наука,нова серија књ.10.Документи за борбата на македонскиот народ за самостојност и национална држава, I,стр.157-158.

"Славјанскиј Век", кое излегувало во Виена, публикувал повеќе трудови во кои нудел свои проекти за решавање на македонското прашање.[28]

Но независно од освојувачките претензии што ги покажувал австрискиот двор спрема потчинетите балкански народи, а кои претензии биле диктирани и од политиката на другите европски сили заинтересирани за поделбата на турскиот плен на Балканот, официјална Австрија со признавањето на самобитноста на македонскиот народ кон крајот на XVII век сторила многу Македонија како историско-географска и етничка целина да добие посебен третман како во европските дипломатски кругови, така и во научните, а посебно во облста на картографијата, етнологијата, лингвистиката,[29] историјата и другите научни дисциплини.

Branko PANOV

## THE ATTITUDE OF THE AUSTRIAN COURT TOWARDS MACEDONIA AND THE MACEDONIAN PEOPLE IMMEDIARETY AFTER THE LIQUIDATION OF THE KARPOSH UPRISING


### (Summary)

During the Austro-turkish war (1683-1699) Austria reinforced its military and diplomatic actions on the Balkans. After the great victory over the Turkish forces in the vicinity of Vienna in september 1683, the Austrians were penetrating rapidly towards the South Balkan dominions and the Osmanli Empire. With the approaching of the Austrian forces towards Macedonia and the panic among the Turkish military and civil authorities, the subjugated Macedonian people siezed the opportunity to raise a liberation uprising with Karposh at their head in 1689. In a short time, the uprising spread throughout Northeast Macedonia. The central towns of the uprising were Kriva Palanka and Kumanovo. On the request of Karposh, the Austrian emperor Leopold I sent him a king's crown and he gained glory under the title of *"King of Kumanovo"*. However, after the retreat of the Austrian army from Macedonia, the Karposh uprising was liquidated by the end of 1689. Karposh himself was captured and murdered with torture on the Stone Bridge in Skopje.

After the liquidation of the Karposh uprising the subjugated Macedonians still considered Austria as their sole protector and ally in their struggle against the Turks-Osmanlis. There are two saved official Austrian documents from 1690 that speak in fovour of this; The Letter of protection


---

28.Н.Дурново,Македонский вопросъ и Австрия.-Славанский Векъ,1 (14),Но 15, февраль.Виена 1901,стр.14-18.Сп.2 Б.Панов, Николај Н. Дурново за македонското прашање, -Историја, IV/2, Скопје 1968, стр.77-89.

29. Австрискиот конзул во Битола по наредба на својата влада во 1902 година дури му порачал на еден од македонските учители да создаде македонска граматика.Види: Славянскии Векъ, 49,20-го августа (2-го септеября).Виена 1902,стр.25.

from the emperor Leopold I to the Macedonian people dated on 26 April 1690 and The Manifesto of the Austrian emperor Leopold I to the nations of the Balkans dated on 6 April 1690.

At the very beginning of the Letter of Protection from the Emperor Leopold I to the Macedonian People it is emphasised that *"two Macedonians" came to see the emperor Leopold I and had told him that "the Macedonian people... with a serious intention were of a mind to come over under our (Austrian) protection from the great Turkish slavery if...mercy and patronage were given for certain"*. Further on, it is stated in the letter, that *"the above-mentioned Macedonian people"* were accepted by official Austria under its patronage, thus enabling all the people of the Macedonian nation to form their units and to fight against the Osmanlis under the Austrian banner, and under the leadership of the Austrian captains.

Similar in contents is The Manifesto of the Emperor Leopold I to the Nations of the Balkans. It also distinguishes Macedonia as a separate country, set apart from Bulgaria, Serbia, Albania and the otfer Balkan countries. With the Manifesto of Leopold I the subjugated nations of the Balkans were invited to come forth od the Austrian side and to fight *"against the Turks, for their own salvation and liberation"*.

Despite the territorial pretensions of the Austrian court towards the subjugated Balkan countries, official Austria with these two documents not only treated Macedonia as a separate Balkan country, but in 1690 it had officialy recognized the existence of the Macedonian people and had accepted them under its own protection.